**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Бр.** 15-980/2
12.02.2016
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44 и 44/15), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Ацо Василев со адреса на живеење на улица Киро Абрашев, бр. 25 во Струмица, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација со намена Е2 – комунална супраструктура – бензинска пумпна станица на регионалниот пат Р1302 (Делчево – Пехчево – Берово – Дабиље), на КП бр. 711, 717/2 и 710 во КО Дабиље, Општина Струмица.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. Y28812i се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација со намена Е2 – бензинска пумпна станица на регионалниот пат Р1302 во КО Дабиље, Општина Струмица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Ацо Василев со адреса на живеење на улица Киро Абрашев, бр. 25 во Струмица, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и

урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 44/15), поднесе барање до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација со намена Е2 – бензинска пумпна станица на регионалниот пат Р1302 во КО Дабиље, Општина Струмица. Површината на планскиот опфат изнесува 0,577 ха.

Согласно член 25, став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 44/15), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација со намена Е2 – бензинска пумпна станица на регионалниот пат Р1302 во КО Дабиље, Општина Струмица, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 - 980/1 од 04.02.2016 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Државна урбанистичка планска документација со намена Е2 – бензинска пумпна станица на регионалниот пат Р1302 во КО Дабиље, Општина Струмица, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

М И Н И С Т Е Р
Nurhan Izairi

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи